Врз основа на член 10 став (5) и член 39 став (4) од Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија", број 61/2004), министерот за финансии донесува

# П Р А В И Л Н И К

## за формата, содржината и начинот на водење на евиденција и на регистарот на недвижен имот и регистарот на подвижен имот

("Службен весник на Република Македонија", бр.47/05)

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденција и на регистарот на недвижнен имот и на регистарот на подвижен имот.

Член 2

Регистарот на недвижен имот и регистарот на подвижен имот се состои од евиденциски листови.

Евиденцискиот лист од регистарот на подвижен имот истовремено претставува и форма, содржина и начин на водење на евиденцијата на примените подароци во текот на годината.

Секој евиденциски лист од регистарот има реден број напишан со арапски броеви, со растечка големина.

Член 3

Евиденцискиот лист кај регистарот на недвижности ги содржи следниве делови:

I. Податоци за сопственикот односно корисникот на недвижноста;

II. Податоци за недвижниот имот; и

III. Податоци за промена на сопственикот односно корисникот на недвижниот имот.

Член 4

Евиденцискиот лист кај регистарот на подвижен имот ги содржи следниве делови:

I. Податоци за оставителот или давателот на подарокот;

II. Податоци за наследникот или примателот на подарокот;

III. Видот на подвижниот имот;

IV. Даночната стапка; и

V. Износот на платениот данок по решението за утврдување на даночната обврска.

Член 5

Регистарот на недвижен имот и регистарот на подвижен имот се водат врз основа на податоците од поднесените даночни пријави за утврдување на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности, како и решенијата со кои е пресметан данокот и висината на даночната стапка.

Член 6

Во евиденцискиот лист кај регистарот на недвижен имот во делот I - Податоци за сопственикот односно корисникот на недвижноста се впишува единствениот матичен број на граѓанинот ако обврзникот е физичко лице, или единствениот даночен број ако обврзникот е правно лице, името и презимето и адресните податоци на физичкото лице, сопственик или корисник на имотот, назив (фирма) и адресните податоци на правното лице. Доколку сопственикот или корисникот е странско физичко лице се впишува бројот на патната исправа (пасош), датумот и земјата на издавање.

Во делот II- Податоци за недвижниот имот - се впишува видот на имотот пооделно за згради и за која намена (стан, индивидуална станбена зграда-куќа, деловна зграда или деловна просторија, административна зграда или административна просторија), земјишта (земјоделско, градежно, шуми, пасишта), други градежни објекти и нивната намена, на која катастарска општина припаѓаат, број на парцела, број на имотен лист или поседовен лист, адресни податоци, катност и година на градба, доградба и надградба за зградите и другите градежни објекти со поединечна и вкупна површина и вредност, даночната стапка за секој пооделен вид на недвижен имот и пресметан данок по донесеното решение.

Во делот III- Податоци за промена на сопственикот односно корисникот на недвижниот имот - се впишуваат податоците за новиот сопственик односно корисник.

На крајот се наведува и името и презимето на лицето кое го пополнува евиденцискиот лист и името и презимето на одговорното лице, како и објаснување дека внесените податоци можат да му бидат достапни само на сопственикот односно корисникот на недвижноста заради проверка на нивната точност.

Член 7

Во евиденцискиот лист кај регистарот на подвижен имот во делот I - Податоци за оставителот односно давателот на подарокот се впишува единствениот матичен број на граѓанинот ако е физичко лице, или единствениот даночен број ако е правно лице, името и презимето и адресните податоци на физичкото лице, сопственик на имотот, назив (фирма) и адресните податоци на правното лице. Доколку сопственикот е странско физичко лице се впишува бројот на патната исправа, датумот и земјата на издавање.

Во делот II-Податоци за наследникот или примателот на подарокот се впишуваат истите податоци како во делот I.

Во делот III- Видот на подвижниот имот - се означува секој пооделен вид на имот и тоа моторно возило, готови пари, парични побарувања, хартии од вредност и друг подвижен имот, датум на прием во текот на годината, нивната вредност пријавена од наследникот или примателот како даночен обврзник, како и

утврдената вредност од страна на општинската администрација, администрацијата на општините во градот Скопје и администрацијата на градот Скопје .

Во делот IV- се впишува висината на даночната стапка.

Во делот V-се впишува износот на платениот данок по решението за утврдување на даночната обврска.

На крајот се наведува и името и презимето на лицето кое го пополнува евиденцискиот лист и името и презимето на одговорното лице, како и објаснување дека внесените податоци можат да му бидат достапни само на наследникот или примателот на подарокот заради проверка на нивната точност.

Член 8

На еден евиденциски лист од регистарот се внесуваат податоци само за еден даночен обврзник, односно за еден давател и прималел на подарок.

Член 9

Регистарот на недвижен имот и Регистарот на подвижен имот се водат во електронска форма.

Податоците од евиденциските листови од регистрите, општинската администрација, администрацијата на општините во градот Скопје и администрацијата на градот Скопје, до Централниот регистар на република Македонија, ги доставуваат во електронска форма.

Член 10

Евиденциските листови од Регистарот на недвижен имот и Регистарот на подвижен имот се составен дел на овој правилник.

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применуваат од 1 јули 2005 година.